Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 17**

**25.11.2015**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2016 година**

1.Го објавувам Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2016 година донесен на ИТНА седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.11.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1089/1** **Општина Демир Хисар**
**25.11.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**396.** Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Сл. весник на РМ" бр.4/2008), а согласно член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 23.11.2015 година, донесе

***ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ На Општина Демир Хисар за 2016 година***

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на Општина Демир Хисар, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од економскиот развој и комуналното уредување, Општина Демир Хисар особено ќе развива планови и програми и тоа:

1. **Развојна програма- Линиска инфраструктурна градба**

"Изградба на локален пат раскрсница (локален пат Обедник-Смилево) - Манастир "Св. Петар" - Боиште (делница од раскрсница до Манастир "Св. Петар")"

Со оваа развојна програма предвидено е да се изгради локален пат раскрсница (локален пат Обедник-Смилево) - Манастир "Св. Петар" - Боиште (делница од раскрсница до Манастир "Св. Петар")".

Изградбата на локалниот пат ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2015 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на локалниот пат е 5669 $м^1$, а проектната вредност на работите изнесува 28.830.577,00 денари без ДДВ 18%. Со реализација на развојната програма ќе се

придонесе кон подобрување на условите за развој на алтернативниот туризам.

Оваа развојна програма се однесува за периодот од 2016 година до 2017 година. Со реконструкцијата ќе се започне во август 2016 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Трасата на локалниот пат поминува низ земјиште кое е во сопственост на Република Македонија и мал дел кој е во сопственост на Македонската православна црква (МПЦ).

Датум на завршување на проектот се планира до 01.11.2017 година.

Се планира вкупната вредност на оваа развојна програма да изнесува 34.020.080,00 денари со ДДВ 18%.

Поради големиот обем и висина на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат 34.020.080,00 денари, реконструкцијата ќе се извршува фазно во наредните две години, односно до 2017 година.

За реализација на оваа развојна програма за 2016 година се предвидени средства во износ од 15.964.000,00 денари, а 18.056.080,00 денари се планираат во 2017 година.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура и средства преку долгорочно домашно задолжување на општината во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП).

Овај план за развојни програми влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 17-1071/2 Совет на Општина Демир Хисар**
**23.11.2015 година Председател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

---

С О Д Р Ж И Н А

1. План за развојни програми на општина Демир Хисар за 2016 година--------------1-2

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**